РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 08-339/01
08.04 2026 год.
Центар, Скопје

Врз основа на Правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација и пофалени ученици од 9 (деветто) одделение при ООУ ,,Киро Глигоров" - Центар, Скопје бр. 01-189/01 од 15.2.2024 година усвоен со Одлука на Училиштен Одбор на ООУ ,,Киро Глигоров" – Центар, Скопје бр. 02-188/01 од 15.2.2024 година, претседателот на училишната комисија за избор на првенец на генерација објавува

**КОНКУРС**

**За избор на прванец на генерација 2017/2026**

Конкурсот ќе трае во период од 8.4.2026 година до 20.4.2026 година. На конкурсот имаат право да се пријават сите ученици кои во учебната 2025/2026 година се 9 (деветто) одделение при ООУ„Киро Глигоров"-Центар, Скопје и коишто ги исполнуваат следниве услови:

- Кандидатот да постигнал среден успех 5.00 на крај од наставната година од IV до IX одделение;
- Кандидатот да бил оценет со примерно поведение на крајот на наставната година од IV до IX одделение;
- Да учествувал на училишни, регионални, државни, мегународни натпревари или проекти;
- Да не бил казнуван со педагошка мерка од било каков вид во текот на школувањето во училиштето;
- Вкупниот број на неоправдани изостаноци во текот на годината да не биде поголемо од 3 (за секоја година пооделно);
- Во текот на школувањето во училиштето да покажал интерес за учество во активности, промоции и проекти за унапредување на училиштето.

**Потребни документи:**

- Лична биографија;
- Фотокопија од свидетелство од четврто до деветто (евидентен лист) одделение;
- Фотокопија од пофалници за успех и поведение, дипломи за освоени награди и потврда за учество во вонназтавни активности
- Потврда потпишана од одделенскиот раководител за успехот и поведението на учениците;

Потребните документи учениците треба да ги достават до одделенските раководители во затворен плик и одделенските раководители го доставуваат пликот до архивата на училиштето. Архивата ќе ги достави до претседателот на комисијата Сања Пејчиновска Крстиќ најдоцна до 20.4.2026 година во 12 часот. Комисијата ќе ги рангира сите пријавени кандидати според веќе утврдените инструменти за рангирање и ќе ги објави резултатите од конкурсот.

***Нецелосните и ненавреме доставените документи нема да бидат разгледувани од Комисијата.***

Претседател на комисија

Сања Пејчиновска Крстиќ

Директор

Билјана Билбиловска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КИРО ГЛИГОРОВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Центар Скопје